АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 24.06.2015 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4206 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизиски програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ

3. **Период опфатен со надзорот:** 1 јуни 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 24 јуни 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 12 од Законот за медиуми** (Импресум)
   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците)
   - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Идентификација на радиодифузер)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот административен надзор врз програмскиот сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ, емитуван на 1 јуни 2015 година, **е констатирано прекршување на член 12 од Законот за медиуми.**

Во повеќе програми емитувани на 1 јуни 2015 година – „Вести" на македонски и на албански јазик; „Настани на неделата" на македонски и на албански јазик; документарна емисија со религиска тематика, не се објавени податоците со кои се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник/уредниците на

програмите, за потеклото и датумот на продукција на аудиовизуелните дела, името на медиумот од каде што е преземена содржината и тн. што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

*Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги даде конкретни насоки кои податоци треба да се објават на одјавните (или најавните) шпици кај дневно-информативните емисии (вести, дневници) и другите информативни емисии составени од повеќе новинарски прилози, како и кај сите останати програми со информативна, образовна или забавна функција, во насоките за примена на член 12 од Законот за медиуми и на член 51 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги испратени до сите телевизиски програмски сервиси на 7 ноември 2014 година.*

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 12 од Законот за медиуми,** ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ, во програмите емитувани на 1 јуни 2015 година, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

**9. Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ и согласно точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-2760/1 од 06.04.2015 година, да му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***